8П5-33/23

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ,** како првостепен парничен суд преку судијата Јованка Спировска Панева, како Претседател на совет и судиите поротници Наташа Јосифовска Симоновска и Александра Саздова,, како членови на советот, постапувајќи по тужбата на тужителите Кочо Анѓушев од Скопје[redacted] и Друштвото за производство, трговија и услуги Брако ДОО увоз-извоз Велес ул.Раштански пат ,против тужените Сашка Цветковска од Скопје,[redacted] и Здружение на граѓани ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА - ИРЛ Скопје [redacted], за утврдување на одговорност за клевета и надомест на штета, вредност на спорот 120,00 ден., по одржаната главна, јавна и усна расправа, заклучена на ден 13.10.2023 година во присуство на тужителотлично за себе и како законски застапник и нивниот полномошник адв.Мери Младеновска ЃОРИЕВА,стручен соработник Моника Ефремовска со заменичко полномошно на адвокат Мери Младеновска Георгиевска и тужената лично за себе и како застапник,со нивниот полномошник адвокат Лазар Сандев, со заменичко полномошно на адвокат Филип Медарски, на ден 24.10.2023 година, по советувањето и гласањето, ја донесе и објави следната:

**П Р Е С У Д А**

Тужбеното барање на тужителите Кочо Анѓушев од Скопје и Друштвото за производство, трговија и услуги Брако ДОО увоз-извоз Велес , **СЕ УСВОЈУВА.**

**СЕ УТВРДУВА** дека тужените Сашка Цветковска од Скопје и Здружение на граѓани ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА - ИРЛ Скопје се одговорни за клевета, сторена према тужителите, на начин што во емисијата „Заговор против воздухот" епизода 1, емитувана на МРТВ програма 1, на ден 16.05.2021 година во терминот од 20,10 часот до 20,50 часот изнеле невистинити факти со намера да ги повредат нивната чест и углед и тоа со објавување на фактот дека тужителот Кочо Анѓушев како еден од најголемите бизнисмени во Македонија и вицепремиер за економија направил запознавање на два ентитета, односно доцна во ноќта во зградата на Владата во неговиот кабинет тој се сретнал со Изудин Ахметиќ од Хифа ОИЛ и Илија Стрезовски од Евротим, по која средба Хифа ОИЛ и Евротим добиле два нови клиенти и тоа Брако, фирмата на Кочо Анѓушев и Фени Индустри, односно денешниот Евроникел, како и со објавување на фактот дека најголемите клиенти на Евротим и Хифа ОИЛ не се македонските болници и македонските институции туку е поранешното Фени Индустри од Кавадарци, односно денешен Евроникел, и со изјавата дека од тоа може да се заклучи дека приватниот интерес бил многу поголем од јавниот интерес, односно профитните компании се оние кои имале и најголем интерес да го купат и набават мазутот, бидејќи од 18 милиони евра приход, само 2,9 милиони отпаднале на државните институции, а остатокот е во приватниот сектор од кој

наголем купувач е Евро Никел односно Фени Индустри, искажувајќи заклучок дека кога парите и профитот на една мала и добро поврзана клика на луѓе ќе станат поважни и поприоритетни од уставното право на граѓаните да дишат чист воздух и да живеат во здрава животна околина, тогаш нешто смрди во државата, притоа навеле дека не мислат само на мазутот, а истовремено на екранот ги испишале зборовите „Кочо Анѓушев не одговори на повиците на ИРЛ", па **се задолжуваат** секој од тужените на секој од тужителите да им платат износ од по 60,00 денари на име надомест на штета за повреда на честа и угледот, како и **се задолжуваат** изреката на пресудата да ја објават во весникот Слободен Печат на простор не помал од 1/8 на страницата, од првата до петата страна на весникот, а се во рок од 15 дена по приемот на оваа одлука, под страв на присилно извршување.

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** тужените солидарно да им ги надоместат на тужителите трошоците на постапката во вкупен износ од 30.437,00 денари, во рок од 15 дена по приемот на одлуката, под страв на присилно извршување.

## Образложение

Тужителите Кочо Анѓушев од Скопје и Друштво за производство, трговија и услуги Брако ДООЕЛ увоз-извоз Велес на ден 17.06.2021 година до овој суд поднесоа тужба во која наведоа дека тужената Сашка Цветковска од Скопје во својство на новинар и автор на емисијата подготвена од страна на тужениот Здружение на граѓани ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА - ИРЛ Скопје, на МРТВ 1- телевизиски канал, на ден 16.05.2021 година емитувале емисија со наслов Заговор против воздухот во која изнеле невистинити факти за тужителите во смисла на тоа дека тужителот Кочо Анѓушев е директно инволвиран во набавка на мазут кој не бил со соодветен квалитет, а кој го користеле како енергенси болници, државни установи и индустриски капацитети како што се Фени и тужителот Брако, притоа за сето време во емисијата наративот бил таков како да тужителот е еден од најголемите загадувачи на воздухот во Р. Македонија, истиот го поврзале со лицата Изудин Ахметиќ од групацијата Хифа ОИЛ од Босна и Илија Стрезовски од Евротим искажувајќи дека всушност тој ги споил двајцата и го овозможил внесувањето на загадениот мазут во Р.Македонија. Со ваквите дејствија тужените ги повредиле честа и угледот на тужителите, бидејќи изнеле невистинити факти, па побараа судот да донесе пресуда со која ќе се утврди дека тие сториле клевета и ќе ги задолжи на тужителите да им исплатат износ од по 60,00 денари на име надомест на штета, како и ќе ги задолжат пресудата да ја објават во весникот Слободен Печат.

Со писмен поднесок од 29.09.2021 година тужителите извршија прецизирање на тужбеното барање во делот во кој се тврди дека тужените сториле клевета со изнесување на невистинити факти, така што побараа судот да утврди дека во емисијата што ја емитувале на ден 16.05.2021 година изнеле невистинит факт дека доцна во ноќта во зградата на Владата во кабинетот на тужителот Кочо Анѓушев како вицепремиер за економија тој се сретнал со лицата Изудин Ахметиќ од Хифа ОИЛ и Илија Стрезовски од Евротим по што по овој настан фирмата Брако била клиент на мазутот со кој тие тргувале, како и Фени Индустри, како и дека во емисијата искажале заклучок дека приватниот интерес е многу поголем од јавниот интерес, дека од 18 милиона евра приходи само 2,9 милиони отпаднале на државните институции, а остатокот е во приватниот сектор,

пришто констатирале дека најголем купувач на мазутот е Фени Индустри што значи профитот на мала група луѓе станала поважна од уставното право на граѓаните да дишат чист воздух.

Тужените во писмен одговор на тужба и на расправата го оспорија тужбеното барање во целост. Наведоа дека предметната емисија во која тужителите тврдат дека се изречени клевети е подготвувана подолг временски период, дека во истражувањето од страна на тужените направено во врска со утврдувањето на изворите за загадување на воздухот во Р.Македонија е дојдено до сознание дека загаден мазут користи Друштвото Брако, кое нешто не е невистинит факт, а исто така дошле и до доказ дека во кабинетот на тужителот Кочо Анѓушев тој имал средба со лицата кои што го увезувале загадениот мазут што исто така не е неточен факт, така што тужените не се одговорни за клевета. Освен тоа се работи за истражувачко новинарство пришто за секои изречени наводи во емисијата тужените имаат соодветни докази, фактите изнесени во емисијата се проверени од страна на соодветно лице за проверување на факти, а се работело за емисија која третира теми од јавен интерес, така што е недозволиво и спротивно на Законот за искажаните тврдења и мислења на новинарите тие да бидат казнети за клевета, бидејќи тоа би било ограничување на слободата на изразување. Ова дотолку повеќе што предметната емисија предизвикала реакции во јавноста и кај надлежните институции кои по извршените проверки утврдиле дека навистина се увезува загаден мазут кој влијае на животната средина. Поради ова предложија да се одбие тужбеното барање како неосновано.

Постапувајќи по тужбеното барање, судот донесе пресуда П5-43/21 од 07.03.2022 година со која го одби истото како неосновано и ги задолжи на тужените да им ги надоместат трошоците на постапката. Меѓутоа со решение на Апелациониот суд Скопје ГЖ-2926/22 од 07.04.2023 година повисокиот суд ја укина горенаведената пресуда и ја врати на првостепениот суд на повторно судење со дадени забелешки и напатствија дека судот треба да изврши покритична анализа на доказите, да изврши преоценка на доказите, да го преиспита фактот дали пред да одлучат тужените да ја пуштат емисијата во средство за јавно информирање побарале произнесување на тужителите во делот на емисијата кој се однесува за нив, да го цени исказот на сведокот Софка Јовановка која била присутна на предметната средба на која тужените тврдат дека било договарано околу набавката на отровниот мазут, како и да го преоцени фактот дали во моментот на емитување на емисијата тужителот вршел висока политичка функција и морал да трпи посилен степен на сериозна критика.

Постапувајќи по забелешките и напатствијата на Апелациониот суд Скопје, а пред се заради расчистување на спорните прашања на кои се укажува, судот ги дозволи и изведе предложените докази, така што изврши увид во потврда на Универзитет Свети Кирил и Методиј Скопје-Машински факултет бр.04-819/1 одм 09.06.2021 година, потврда на Влада на РСМ бр.04-2/42 од 09.06.2021 година, копија од податоци на веб страната на тужениот од 03.06.2021 година, известување на Здужение на стопанственици бизнис центар Јелак/Тешањ БиХ доставена до Влада на РСМ бр.021/19 од 27.02.2019 година, барање од Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство бр.02-5663/1 од 22.05.2019 година заведено во Влада на РСМ под бр.09-3941/1-0 од 23.05.2019 година, известување за член во работна група доставено од тужителот Кочо Анѓушев како заменик Претседател на Влада до Влада од РСМ бр.09-3941/9 без

читлива дата, извадок од евиденција на кабинетот на Влада за закажани состаноци за 13.02.2019 година, телефонска порака од тужените до тужителот од 01.02, спецификација на повици на телефонски број на Феро Инвест од 01.02.2021 година, барање за одговор на наводи демант и барање за извинување од тужителот до тужениот од 18.05.2021 година доставено со препорачана пратка од 18.05.2021 година, копии од три објави на ФБ страна на лицето Зоран Велковски, објави на веб страна на Дојче Веле на македонски јазик од 21.05.2021 година, објави од веб страна на Дојче Веле на македонски јазик од 27.05.2021 година, веб страна на Дојче Веле на македонски јазик од 24.05.2021 година, објава на интернет портал Радио Мов од 11.06.2021 година, објава на интернет портал Радио Мов од 25.06.2021 година, објава од интернет портал 360 степени од 11.06.2021 година, одлука на Комисија за жалби пред Совет за етика на РСМ бр.244/0306 од 09.06.2021 година, одговор на претставка од тужителот Кочо Анѓушев до тужената Сашка Цветковска од Совет на честа од 23.06.2021 година, преглед на повици од телефонот на тужената за период од 30.01.2021 година до 02.02.2021 година, транскрипт на дел од разговор воден во спорната емисија што е предмет на тужбата, вешт наод и мислење на вешто лице Зоран Митиќ од 17.06.2021 година, транскрипт на спорната емисија Заговор против воздухот, транскрипт од лицето С.Т.-Сашо Тасевски од пародична емисија, по согласност на странките го прочите исказот на сведокот Софче Јовановска даден на записник од 25.02.2022 година, ги прочитаисказите на странките дадени на записник од 25.02.2022 година и дополнително на спорните факти изврши дополнителен распит, како и изведе доказ со соочување, по што ја заклучи главната расправа, па ценејќи ги овие докази, правејќи покритична анализа на истите, ценејќи го секој доказ посебно и сите докази заедно, а сето тоа заради напатствијата на Апелациониот суд Скопје, ја утврди следната фактичка состојба:

Тужителот Кочо Анѓушев е универзитетски професор на Машинскиот факултет во Скопје, а во периодот од 31.05.2017 година до 02.01.2020 година извршувал функција заменик на Претседателот на Владата на Р.Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

Тужителот Друштво за производство Брако ДОО увоз-извоз Велес е правно лице друштво со ограничена одговорност заведена во ЦР на РСМ, а сопственици на ова друштво се Друштво за производство, трговија и услуги Феро Инвест ДОО експорт-импорт Велес и Друштво за вработување на инвалидни лица Тргофер ДОО експорт-импорт, а основна дејност на тужителот е производство на жичани производи, синџири и пружини. Подружницата на тужителот регистрирана како подружница Брако продавница 1 во Велес е регистрирана со приоритетна дејност трговија на мало со моторни горива и мазива во специјализирани продавници. Еден од сопствениците на тужителот Брако, Друштвото Феро Инвест е регистрирано со приоритетна дејност трговија на големо со машини и опрема. Тужителот е еден од сопствениците на Друштвото Феро Инвест и е негов управител, а исто така е овластено лице и на тужителот Брако ДОО увоз-извоз Велес.

Тужениот Здружение на граѓани ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА - ИРЛ Скопје е регистрирано правно лице во соодветниот регистар на здруженија и сојузи во ЦР на РСМ на ден 19.12.2017 год, со недефинирана сопственост, регистрирани се осум сопственици, значи членови на здружението кое го основале,со приоритетна дејност - дејности на други организации врз база на зачленување. Во регистерот нема запишан надзорен орган, што значи не се работи за организација од јавен интерес ,односно ова

здружение нема статус на граѓанска организација од јавен интерес. Здружението нема ниту својство на медиум, како средство за јавно информирање, согласно Законот за медиуми, а членовите на истото немаат својство на новинари, ниту можат , заради известување на јавноста, да прават новинарски обликувани емиисии, да се преставуваат како новинари или да се бават со жанрот истражувачко новинарство и сето тоа да го објавуваат преку средствата за јавно информираже.

Тужената Сашка Цветковска е еден од сопствениците, односно основачите на тужениот Здружение на граѓани и е негово овластено лице, при што во регистерот е запишана како претседател на Здружението, иако согласно Законот за здруженија и фондации, таа преставува само застапник на истото. Таа во здржението нема свосство на новинар, па не може да се преставува во емисиите, кои таму се снимаат,ниту како уредник, ниту како новинар, бидејќи таквите емисии не се сметаат како новинарски продукт.Таа по професија е новинар, но во случајот е само член на Здрунието на грашани и може да ги презема само оние дејствија, како и другите членови, само со цел да се остварат целите заради кои е формирано здружението.

Во Централниот регистар на РСМ во тековната состојба во здружението на граѓани во графата дополнителни информации е наведено кои се дополнителни цели на здружението заради кои е истото формирано, а тоа е развој на истражувачко и аналитичко новинарство во синергија со технолошките експерти, заедницата, блогерите и корисниците на социјалните мрежи; зголемувањето на влијанието на истражувачкото и аналитичкото новинарство преку иновирање во креирањето содржини и пристап до публиката и преку тоа зголемување на довербата на граѓаните во медиумите; вклученост на младите во креирањето стандарди и содржини во истражувачкото новинарство преку вклученост на работата на здружението, тестирање на модели за идржливост и развој на организации кои следат корупција и криминал кои се последици на ранливи демократии кои не успеваат да ги имплементираат принципите на владеење на правото, а како други цели се наведени промовирање на слобода на медиумите, заштита и остварување на правата на новинарите што работат во полето на истражувачкото новинарство и практична едукација на младите кадри од студиите по новинарство. Освен овие дополнителни цели на Здружението на граѓаните, заведени во Централниот регистар, судот неможеше да утврди дали во Статутот на тужениот какви дејности се предвидени за да се остварат тие цели, бидејќи тужените не доставија таков доказ, така што судот неможеше да утврди дали снимањето на емисии во рамките на Здружението, а потоа објавување на таква емисија преку средство за јавно информирање претставува нивна дејност како таква во Статутот. Исто така, тужениот не достави доказ од надлежното Министерство за правда кое треба да врши надзор на примена на одредбита на Законот за здружение за да се утврди дали дејноста што ја врши здружението на начин како тоа го прави е нивна пропишана дејност во Статусот.

Тужениот Здружение на граѓани ИРЛ и тужената Сашка Цветковска како претседател на истото,и друга група на членови, претставуваќи се како новинари, односно, тужената Цветковска и како уредник, по формирањето, започнале да работат на истражување на проблемот во врска со загадувањето на воздухот во Р.Македонија што доведува до загрозување на животната средина, со намера да истражат од каде се појавува опасноста и изворите кои вршат загадување на воздухот. Истражувањето го вршеле во период од 2 години,

прибавувајќи податоци за сознанијата што ги добиле, како и прибирајќи докази во врска со тие сознанија.. Имајќи сознанија дека во најголем број на случаи загадувањето се врши со употреба на мазут во поголем број на државни институции, болници, училишта и приватни фирми, тие започнале со истражување која фирма го увезува и го дистрибуира мазутот што тие го трошат, пришто дошле до сознание дека мазутот го увезува фирмата Евротим од Кичево. Интересирајќи се за оваа фирма тие утврдиле дека таа е регистрирана во 2015 година, дека е сопственост на лицето Гоце Стефановски од Кичево кое истовремено е и управител на фирмата, но при истражувањето и увидот на договорите за снабдување со мазут во Македонски железници ЈСП Скопје дошле до сознание дека договорите ги има потпишано лице по име Илија Стрезовски кој исто така имал фирма за тргување со нафтени деривати, но лиценцата му била одземена, пришто откриле поврзаност помеѓу ова лице и сопственикот на Евротим, односно дошле до сознание дека Гоце Стефановски е зет за ќерка на Илија Стрезовски. Притоа тие успеале да стапат во контакт со лицето Гоце Стефановски и при истражувањето дошле до сознанија дека главен добавувач на мазутот на фирмата Евротим е фирмата Хифа ОИЛ од Босна која е сопственост на лицето Изудин Ахметиќ, така што всушност констатирале дека преку оваа фирма од Босна се набавува мазутот во Македонија преку фирмата Евротим, а потоа овој мазут се дистрибуира до државните институции и приватни фирми. Истражувајќи го овој начин на добавување и распределба на мазутот дошле до сознанија дека истиот се набавува со помала цена, а тој во Босна пристигнува од Чешка фирма и дека се работи за опасно масло кое предизвикува сериозни последици по животот на луѓето и нивното здравје. Ова масло во поголем број на држави се третирало како отпад и не било пуштано во употреба, меѓутоа при увозот во Македонија маслото се увезувало како масло за горење, што значи како масло кое не е загадено и кое може да се употребува. Според тоа предмет на истражување на тужените било утврдување на изворот од каде се внесува во Македонија загадениот мазут кој потоа со употребата предизвикува загадување на воздухот, пришто воопшто не бил предмет на анализа и истражување тужителот Кочо Анѓушев и Друштвото Брако ДОО Велес. Овие сознанија до кои дошле, со прибирање на докази и снимање на интервуја, понекогаш и со прикриена камара, потоа ги монтирале во вид на снимена емисија.

Тужените правеле интервју со лицето Гоце Стефановски од Кичево како сопственик на Евротим, кој во интервјуто кажал дека со мазутот што тие го увезуваат од Хифа ОИЛ се снабдува Фени од Кавадарци и Брако од Велес, а на прашање како успеала оваа фирма да снабдува големи индустриски капацитети тој кажал дека е тоа поради познанството на Илија со тужителот Анѓушев и неговите партнери. Добивајќи вакви сознанија тужените по пат на барање на информацијим кои се достапни до јавноста побарале од Владата да добијат известување дали имало некогаш некаква средба помеѓу тужителот Кочо Анѓушев, лицето Изудин Ахметиќ и Илија Стрезовски, пришто биле известени дека навистина таква средба имало во Владата. Притоа, без да имаат во предвид и без да извршат проверка за што се однесувала таа средба, иако лицето Илија им кажал дека не го познава тужителот,утврдиле погрешен факт, дека всушност тогаш, тужителот склучувал зделки за набавка на отровен мазут иако тема на средбата било организирање на саем.Ова го искажале и во емисијата, иако претходно не побарале мислење од тужителите, односно тоа не го провериле со земање изјава од нив.

Откако тужените ја изготвиле ваквата емисија, таа иако требала да служи само за остварувањето на целта на нивните членови, тие истата ја емитувале во јавноста преку средство за јавно информирање-Јавниот сервис на МРТВ, под наслов „Заговор против воздухот“ и тоа на ден 16.05.2021 година во терминот во 20,10 часот до 20,50 часот, во која емисија ги изнеле и невистинитите факти за тужителите , а со намера да ги повредат нивната чест и углед. На почетокот на емисијата тужената Сашка Цветковска, Претседател на Здружението на граѓани, е наведена како уредник на емисијата, иако не се работи за уреднички обликувана содржина во смисла на Законот за медиуми, а останатите членови на Здружението кои земале изјави од одредени граѓани исто така се претставувале како новинари, иако Здружението на граѓани ИРЛ не е ниту новинарско здружение, ниту здружение регистрирано за новинарски известувања и објавување на информации во средства за јавно информирање. Емисијата завршува со констатацијата дека истрагата е во тек, што укажува на намерата на тужените и понатаму да подготвуваат во рамките на своето здружение вакви емисии и наместо тие емисии да служат за едукација на нивните членови, очигледно е дека имаат намера повторно да ги пуштат во јавноста преку некое средство за јавно информирање.

Предметната емисија предизвикала бурни реакции во јавноста, во смисла на тоа што дошло до вознемирување на истата, а кај тужителите предизвикала повреда на нивната чест и углед, било прекршено правото на почитување на приватниот и семејниот живот на тужителот Кочо Анѓушев, односно му биле повредени неговите лични права на чест и углед, како и правата на тужителот Брако ДОО увоз-извоз во смисла нарушување на нивниот углед во деловната заедница, а кои права се заштитени со Закон.

Тужителот по емитувањето на предметната емисија поднел преставка и жалба до Советот за етика во медиумите во Македонија кој, иако не бил надлежен да врши проверка на работата на граганското здружение, донел одлука дека жалбата е неоснована,. Исто така и Советот на честа на Здружението на новинари во Македонија, до кој тужителот поднел преставка против тужената Сашка Цветковска, донел одлука, односно одговор во кој утврдил дека преставката е неоснована , ако тужената Цветковска нема својство на новинар во предметната емисија.Здружението на новинари, кое исто така е регистрирано како здружение согласно Законот за здруженија и фондации, нема надлежност да врши проверка на работата на друго здружение, бидејќи надзорот на нивната работа ја врши Министерството за правда.

Инаку, во моментот на емитувањето на емисијата преку средствата за јавно информирање, тужителот Кочо Анѓушев не вршел никаква јавна функција.

Горенаведената фактичка состојба судот ја утврди од изведените докази на расправата и тоа:

Од увидот во приложените потврди на Машинскиот факултет Свети Кирил и Методиј и генералниот секретаријат на Владата на РСМ, а и како неспорен судот го утврди фактот дека тужителот Кочо Анѓушев е професор на Машинскиот факултет, а во периодот од 31.05.2017 година до 02.01.2020 година извршувал функција заменик на Претседателот на Владата на Р.Македонија задолжен за економски прашања.

Од увидот во тековната состојба на ЦР на РСМ од 11.06.2021 година, судот утврди дека тужителот Брако ДОО увоз-извоз Велес има приоритетна дејност производство на жичани производи, синџири и пружини и дека сопственици се Феро Инвест од Велес и Трго Фер експорт-импорт Велес, а негово овластено лице е тужителот Кочо Анѓушев.

Од увидот во тековната состојба на ЦР на РСМ од 20.04.2021 година, судот утврди дека Друштвото Феро Инвест кое е едно од сопствениците на тужителот Брако е регистрирано како заштитно друштво, дека еден од сопствениците и управител на истото е тужителот Кочо Анѓушев и дека друштвото е регистрирано со приоритетна дејност трговија на големо со машини и опрема.

Од увидот во тековната состојба на ЦР на РСМ од 01.06.2021 година, судот утврди дека тужениот ИРЛ Скопје е заведен во Регистарот на здруженија и сојузи, дека тужената Сашка Цветковска е еден од основачите на ова здружение и како претседател на истото е овластено лице. Од овој доказ, судот го утврди фактот дека видот на сопственоста на здружението е недефинирана, дека приоритетна дејност е дејност на други организации врз база на зачленување, а од графата дополнителни информации наведени во Регистарот, судот утврди кои се целите заради кои што е формирано ова здружение, така како што се наброени во фактичката состојба. Притоа, судот утврди дека во тековната состојба не е заведен податок дека ова здружение има орган за надзор, што значи согласно член 41 став 4 од Законот за здружение и фондации не се работи за организација која има статус од јавен интерес. Имено, согласно наведениот Закон според кој е регистрирано туженото Здружение на граѓани, согласно член 3 од истиот е предвидено што претставува цел на организацијата, односно така како што е наведено во точка 18 целта на организацијата претставува проектиран резултат или состојба која организацијата треба да ја постигне. Согласно член 18 од овој Закон туженото здружение треба да има и Статут, кој не беше доставен до судот и неможеше да се изврши оценка на истиот, но, согласно таа одредба во Статутот би требало да бидат уредени целите на здружението и дејностите со кои се остваруваат тие цели. Со оглед на тоа што Статутот не беше доставен како доказ, судот, така како што е наведено во фактичката состојба неможеше да утврди дали ваквото постапување на тужените, односно изготвувањето на снимана емисија која би требало да биде од значење за членовите на здружението има можност и е дозволено да се пушта во јавноста преку средство за информирање. Но, во секој случај овој суд во оваа постапка не е ниту надлежен тоа да го цени, бидејќи согласно член 58 од Законот за здружение и фондации, надзор над законитоста на примената на одредбите на Законот за здружение и фондации треба да го врши Министерството за правда. Според тоа, судот ги изведе како доказ и ги ценеше поплаките што тужителите ги доставувале до Здружението на новинари, а Здружението на новинари одлучувале по истите, но најде дека овие докази се ирелевантни и без значење во конкретниот случај, во услови кога судот утврди дека Здружението на новинари како здружение неможе да врши надзор над друго здружение, туку за тоа е надлежен друг орган во државата. Во секој случај туженото Здружение, веројатно во својот Статус има предвидено кои дејствија може да ги превземе за да ги остварува своите цели, бидејќи при евентуален надзор од страна на овластен орган, а согласно член 65 од горенаведениот Закон може да се забрани и работата на граѓанската организација, ако меѓу другото со нивното дејствување се повредуваат слободите и правата на други лица.

Во поголем дел фактичката состојба што судот ја утврди така како што е погоре наведено произлезе од содржината на предметната емисија со наслов „ Заговор против воздухот“, за која како неспорен факт се утврди дека била емитувана преку средство за јавно информирање и тоа јавен сервис,МРТВ програма 1 на 16.05.2021 година во терминот од 20,10 часот до 20,50 часот. Притоа од непосредниот увид на судот со непосредно гледање на емисијата се констатира дека истата е направена во вид на документарна емисија во која се дадени интервјуа од повеќе лица, надополнети со коментари на тимот составен од членови на Здружението, пришто се констатира дека сето тоа што е прикажано во емисијата е идентично со доставениот транскрипт на истата кој транскрипт судот го изведе како доказ.Видно е од снимката на оваа емисија, дека во истата, тужената Цветковска е прикажана како уредник, а лицата кои вршеле интервуја се преставувале како новинари, а целата емисија е преставена како да се работи за новинарски продукт од областа на т.н. истражувачко новинарство.

При анализирањето на горенаведените докази во склоп на утврдената фактичка состојба, судот се ограничи на утврдувањето дали се вистинити и поткрепени со соодветни докази фактите за кои во тужбеното барање тужителите тврдат дека се невистинити, бидејќи единствено фактите можат да се докажуваат со соодветни докази.Така пред се судот се ограничи на тоа дали навистина постоела средба во Владата на Р.М помеѓу тужителот Кочо Анѓушев, лицето Изудин Ахметиќ и Илија Стрезовски, пришто утврди дека навистина таква средба постоела кое нешто го потврди не само тужителот во својот исказ, туку и сведокот Софче Јовановска. Откако судот изврши преоценка на исказот на овој сведок, а согласно напатствијата на Апелациониот суд Скопје, ценејќи го нејзиниот исказ во склоп со останатите докази, судот утврди дека на средбата на која и таа присуствувала воопшто не се разговарало за било какви набавки на мазут, туку предмет на состанокот било организирањето на саем во Босна и Херцеговина.

Судот го ценеше делот од предметната емисија, како и исказот на тужената дека после оваа средба, на која наводно биле споени лицата кои што се занимавале со набавка на загаден мазут, тужителот Брако ДОО увоз-извоз станал добавувач на таков мазут, но овој факт тужените не го докажаа со доставување на соодветни докази и доставувањето на евентуален договор за кој тужените тврдеа дека го поседуваат, од кои може да се види дали и кога се вршени такви набавки и дали таквите набавки се поврзани со конкретната средба на тужителот со наведените лица и дали таква набавка евентуално е тогаш договарана.

Судот исто така постапувајќи по напатствијата на повисокиот суд, а заради проверка на фактот дали пред изнесувањето во јавноста на фактите кои се предмет на оваа тужба, тужените побарале одговор, мислење или образложение од тужителите, изврши повторна анализа на сите докази, направи дополнителен распит на странките на овие спорни околности, како и нивно соочување, така што утврди дека тужените пред да ја објават емисијата во средство за јавно информирање не ги побарале тужителите, ниту телефонски, ниту преку е-маил комуникација за да ги проверат фактите кои имале намера да ги објават. Од приложениот листинг на телефонот на тужителот Кочо Анѓушев се потврди само фактот дека на СМС порака што тој ја примил од првотужената, телефонски се јавил на 01.02.2019 година, меѓутоа од тогаш, па до денот на објавувањето на емисијата, ниту од неговиот листинг на телефонот, ниту од листингот на телефоните на тужените судот не утврди дека постоела било каква комуникација

помеѓу нив што укажува на тоа дека тужителот воопшто незнаел дека тужените ваквата емисија ќе ја објават во средство за јавно информирање, ниту пак ја знаел содржината на емисијата, а ниту пак знаел какви факти штетни за неговиот углед ќе бидат објавени.

Останатиот дел од емисијата, односно делот од емисијата каде тужителот тврди дека има клевета во делот каде што се наведува дека приватниот интерес е приоритетен над јавниот интерес и дека профитните компании имаат најголем интерес од увезување на ваков загаден мазут, судот оцени дека , на начин како е тоа наведено со недозволени инсуинации,токму тоа укажува на намерата на тужените да се повредат личните права на тужителите, а не да се остварат целите на здружението.

Како неспорен, судот го утврди фактот дека предметната емисија предизвикала голем интерес во јавноста и меѓу обичните граѓани,изнесените податоци во емисијата предизвикале вознемиреност кај граѓаните, а на тужителот му го нарушиле неговиот приватен и семеен живот со објавување на електронски пораки дека ќе биде чекан пред неговиот дом, со добивање закани за него и неговите деца, со што се вознемириле и членовите на неговото семејство и неговите родители. Токму од овие причини, судот оцени дека изнесувањето на невистинитите факти тужителот Кочо Анѓушев длабоко го вознемириле, емисијата ја доживеал емоционално и вознемирувачки сметајќи дека е повреден неговиот углед и угледот на неговата фирма, како и неговата чест, што се потврдува и од вештиот наод и мислење на вештото лице Зора Митиќ.

Од увидот во одлуката на советот за етика во Македонија бр.244/0306 од 09.06.2021 година, судот утврди дека жалбата на тужителот била одбиена како неоснована, бидејќи се утврдило дека сите факти изнесени во емисијата поминале низ ригорозна процедура на проверка и дека за сите изнесени факти тужените имаат соодветни докази и според тоа не се невистинити, како и од увидот во одговорот на преставката на тужителот од Советот на честа на ЗНМ, се утврди фактот дека преставката е одбиена како неоснована, бидејќи кај тужените не е утврдено прекршување на кодексот на ЗНМ. Меѓутоа, за судот остана нејасно, иако ги изведе вака предложените докази, од кои причини тужителот доставил поплака за работата на тужените до Здружението на новинари, а не до Министерството за правда, а уште понејасен остана фактот како ова Здружение на новинари се впуштил во оценка на работата на друго здружение на граѓани, кога не е надлежен за тоа. Според тоа, овие докази неможеа да доведат до поинаква фактичка состојба, ниту пак да го променат фактот дека туженото Здружение на граѓани ИРЛ не претставува новинарска организација, нема овластување да врши новинарско известување, ниту пак тужената Сашка Цветковска како член на тоа здружение вршела новинарска професија. Имено, во член 2 став 1 во Законот за медиуми каде е јасно дефинирано што претставува средство за јавно информирање, изричито е наведено дека медиуми, меѓу останатото, не претставуваат здруженијата. Согласно став 5 од истата законска одредба на Законот за медиуми, под поимот новинар се подразбира лице кое врши активности на прибирање, анализа, обработка, обликување или класифицирање на информации кои се објавуваат во медиум и е вработен кај издавачот на медиум или има склучен договор со истиот или е лице кое врши новинарска дејност како самостојно занимање ( слободен новинар ). Според овие дефиниции во Законот, кои би требало да му бидат познато на Здружението на новинари, произлегува дека Здружението на граѓани ИРЛ не претставува медиум, а тужената Сашка

Цветковска како член на тоа здружение неможе да се смета дека таму врши новинарска дејност. Ова дотолку повеќе што тужената, како Претседател на Здружението на граѓани не достави доказ дека е вработена кај издавач на медиум или дека врши новинарска дејност како самостојно занимање, односно слободен новинар. Во конкретниот случај како средство за информирање се јавува јавниот сервис МРТВ, а токму во ова средство за јавно информирање тужените ги објавиле фактите за кои судот утврди дека се невистинити за тужителите и на таков начин предизвикале повреда на нивните права.

Судот го ценеше и исказот на тужената Сашка Цветковска, но тој исказ исто така неможеше да доведе до поинаква фактичка состојба, бидејќи и таа во својот исказ, како и во дополнително дадениот исказ за сето време наведуваше дека емисијата е резултат на новинарско истражување, дека емисијата била уреднички обликувана, дека во неа учествувале и други новинари, па ваквиот исказ ценет во склоп со останатите докази неможеше да ја промени фактичката состојба, бидејќи очигледно е дека тоа што таа го наведе е во спротивност со целта заради кое е формирано ова здружение како Здружение на граѓани, а не како Здружение за информирање на јавноста, односно како средство за јавно информирање. Во таа смисла, судот најде дека е ирелевантно нејзиното кажување, дека сите факти кои што ги навеле во емисијата биле проверени од соодветна организација за проверување на факти, бидејќи проверувачите на факти истражуваат само вистинитост или невистинитост на факти кои треба да се објават во новинарски прилог, односно да се изнесат во јавноста во прилог кој што е новинарски уреден, а во случајов тужените Здружение на граѓани не е ниту новинарско здружение, ниту имало потреба да бара проверка на тие факти што тие ги утврдувале во емисијата, бидејќи таа емисија што тие ја направиле може да служи само за целите за кои е формирано здружението во смисла на обука или семинари на млади новинари, студенти по новинарство или други заинтересирани членови, а не да се емитува во средство за јавно информирање.

При вака утврдена фактичка состојба, судот го усвои тужбеното барање на тужителите од следните причини:

Согласно член 9-а од Законот за измени и дополнувања на Законот за облигациони односи ( Сл. Весник на РМ вр.84 од 11.07.2008 година) , кој член е додаден во Законот за облигациони односи токму заради усогласување на нашето законодавство со Европското законодавство, во нашиот правен систем се дефинира што претставува заштита на личните права. Во оваа одредба е предвидено дека како лични права покрај останатите се сметаат и правата на чест и углед и приватноста на личноста и семејниот живот, како и слободата, така што секое физичко и правно лица покрај заштитата на имотните права има право на заштита на своите лични права. Ова одредба од Законот за облигациони односи всушност претставува усогласување и вметнување во нашиот правен систем членот 8 од Европската конвенција за заштита на човековите права. Имено, во овој член од Европската конвенција, а кој се наоѓа во главата на права и слободи и е со наслов право на почитување на приватниот и семејниот живот, е предвидено дека секој човек има право на почитување на неговиот приватен и семеен живот, домот и преписката. Во став 2 на овој член е наведено дека јавната власт не смее да се меша во остварувањето на ова право, освен ако тоа мешање е предвидено со Закон и ако претставува мерка која, меѓу другото е во интерес на заштитата на правата и слободите на другите и е потребна во едно демократско општество.

Од друга страна пак, во член 10 во Конвенцијата за заштита на човекови права, е регулирана слободата на изразување, така што е предвидено дека секој човек има право на слобода на изразување што подразбира слобода на мислење и слобода на примање и пренесување на информации или идеи без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Во став 2 на член 10 од горенаведената Европска конвенција е предвидено дека остварувањето на овие слободи, а кое што остварување вклучува и обврски и одговорности, може да биде ограничено под одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со Закон, тогаш кога во едно демократско општество е потребно да се превземат мерки, кои меѓу другото се неопходни заради заштита на угледот или правата на другите.

Според горенаведеното произлегува дека правото на почитување на приватниот и семеен живот, во кое влегува и правото на чест и углед и правото на слобода на изразување претставуваат заштитени права на еднакво ниво во Европската конвенција за човекови права, така што и едното и другото право имаат еднакво значење во демократските општества, така што при одлучувањето кое право ќе се заштити треба да се прави баланс кога ќе се даде предност на едното или другото. Слободата на изразување во член 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права во одредени ситуации и при неограничено толкување на таа слобода може да дојде до нарушување на другите подеднакво загарантирани права во Европската конвенција како што е во случајов правото на заштита на честа и угледот како дел од правото на почитување на приватниот живот, што значи може да предизвика повреда на физичкиот и психолошкиот интегритет на личноста, пришто судот оценува на кое право е потребно да се даде ограничување во едно демократско општество како што е нашето.

Тужените во одговорот на тужба и на расправата се повикаа на член 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права истакнувајќи ја слободата на своето изразување, но со оглед на тоа што со таа слобода на изразување може да се повреди друго исто така загарантирано право, а член 10 став 2 во такви случаеви дава можност судот да ја ограничи слободата на изразување, па судот ценеше дали се исполнети трите услови за да ја ограничи слободата на изразување на тужените. Притоа, како што е погоре наведено, а со примена на т.н. тест од три дела за процена на ограничувањето на слобода на говор, најде дека ваквото ограничување е пропишано со Закон, со ограничувањето се штити еден од интересите наведени во член 10 став 2, а тоа е правото на почитување на приватен и семеен живот и најде дека ограничувањето во случајов е неопходно за да се заштити интересот што судот го штити и тоа е неопходно во едно демократско општество. Имено, ограничувањето е пропишано со Закон со тоа што во нашиот Закон за облигациони односи е предвидено дека секое физичко и правно лице има право да ги штити своите лични права, а тоа се правото на чест и углед. Судот сметаше дека овој стандард е доволен, бидејќи ваквото лично право го заштитило со Закон законодавно тело како демократско избрано тело, а освен тоа е усогласено со Европското законодавство. Заштитата на семејниот и приватниот живот, односно угледот и правата на другите согласно член 10 став 2 од Европската конвенција претставува легитимно право за заштита, што значи со ограничувањето се штити една од легитимните цели и трето, судот најде дека ваквото ограничување е неопходно во нашето демократско општество за да се заштити тој интерес, дотолку повеќе што така како што судот утврди во фактичката состојба тужениот како граѓанско здружение и понатаму, дури и по овој настан,

продолжува со превземање на дејствија за кои овој суд неможе да утврди дали се легитимни за остварување на нивните цели, односно тужените и понатаму со вакво претставување за наводно вршење истражувачко новинарство во јавноста објавуваат податоци со емисии кои не се новинарски обликувани, не претставуваат новинарско известување, ниту пак подлежат на правилата за новинарските известувања.

Од овие причини, судот ги ценеше, но најде дека се неосновани наводите на тужените дека тие работата ја вршеле како новинари и дека во едно демократско општество неможе да се ограничи правото на известување при вршење на новинарска професија, бидејќи како што е погоре наведено туженото Здружение на граѓани не е новинарско здружение, ниту пак членовите на тоа здружение, без оглед на нивната професија, неможат да имаат третман на новинари и вршењето на работата во тоа здружение неможе да се смета како нивна новинарска професија. Од овие причини, судот не ги прифати наводите на тужените дека во случајов согласно член 10 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета постојат основи за исклучување на нивната одговорност.

Согласно член 8 став 1 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета за клевета одговара тој што за друго лице со утврден или очевиден идентитет, со намера да наштети на неговата чест и углед пред трето лице изнесува или пронесува невистинити факти што се штетни за неговата чест и углед, а знае или бил должен и можел да знае дека се невистинити. Согласно член 9 став 1 од истиот Закон тужениот е должен да ја докажува вистинитоста на фактите содржани во тврдењето. Во конкретниот случај, што е утврдено и во фактичката состојба и во анализата на доказите, тужениот со доказите предложени од негова страна не ја докажа вистинитоста на фактите содржани во тврдењето по однос на тужителите во конкретната емисија кои ја пуштиле во јавноста преку средство за јавно информирање.

Сепак, судот при донесувањето на одлуката го имаше во предвид фактот дека тужените се дел од едно граѓанско општество, кое е од битно значење и придобивка на демократијата, но , се додека тие делуваат во рамките на нивната цел, а со почитување на правата и слободите на другите луге, се потребни за развој на демократските односи. Но, кога демократските права ќе преминат во злоупотребување на демократијата, таквите дејствија на делување со кои се повредуваат другите права на граѓаните, кои исто така се загарантирани и заштитени, неопходно е да бидат ограничени во слободата на нивното изразување.

Имајќи го во вид сето погоре наведено судот донесе одлука како во диспозитивот и тужбеното барање на тужителите во целост најде дека е основано, така што утврди дека тужените се одговорни за клевета и ги задолжи секој од нив да им платат на тужителите согласно член 189 од Законот за облигациони односи паричен надомест за повреда на нивните лични права, како и заради сатисфакција на нематеријалната штета да ја објават пресудата на начин и место како што е наведено во диспозитивот.

Одлуката за трошоците на постапката судот ја донесе согласно член 148 од ЗПП, па со оглед на тоа што тужените го изгубија спорот должни се на тужителите да им ги надоместат трошоците на постапката во износ од 30.437,00 денари од кои за состав на тужба 2.685,00 денари, за состав на еден писмен

поднесок 2.685,00 денари, за присуство на нивни полномошник на 5 рочишта износ од по 3.221,00 денари или вкупно за застапување 16.107,00 денари, такса за тужба 480,00 денари, такса за одлука 480,00 денари и надомест за вештачење 8.000,00 денари.

**ОДЛУЧЕНО ВО ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ,**
**8.П5-33/23 на ден 24.10.2023 година.**

**Претседател на совет,**
**Јованка Спировска Панева**

**ПОУКА:** Против оваа пресуда е дозволена жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.

**Д.Н.** - на полномошник на тужители, адвокат Мери Младеновска Георгиевска бул.Партизански одреди бр.18-2/2 Скопје

- на полномошник на тужени, адвокат Филип Медарски ул.Васил Главинов бр.3/1-2 Скопје

**С у д и ј а,**